**ГРАД СКОПЈЕ**

**СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ИНСПЕКТОРАТ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Дел Бр. 22-14035/1

Датум: 25. 12. 2024

Место: Скопје

Помошник Раководител на Сектор Инспекторат

М-р Весна Огненовска Попов

---------------------------------------------

**Резиме**

Врз основа на член 33 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.102/2019), Раководителот на инспекциската служба донесува Годишен план за работата на инспекциската служба, односно Секторот Инспекторат на Град Скопје најдоцна до крајот на тековната година за наредната година, односно за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година, кој се објавува на веб страната на Град Скопје.

Во Годишниот план се презентираат активностите на Секторот Инспекторат на Град Скопје кои ќе бидат превземени со цел исполнување на законските надлежности за вршење на инспекциски надзор во сите области на инспекцискиот надзор од надлежност на Градот Скопје согласно со постоечката законска регулатива, а ќе бидат земени во предвид и евентуалните идни измени и дополнувања на поединечните законски и подзаконски акти.

**Анализа на ризици**

Заради спецификата на секоја инспекција во рамките на Секторот Инспекторат на Град Скопје анализата на ризици е дадена посебно за секој вид на инспекција во делот "Инспекциски надзор" во Годишниот план.

**Организација и раководење**

Секторот Инспекторат на Град Скопје е организациска единица во рамките на администрацијата на Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа.

Секторот Инспекторат треба да е раководен од Раководител на сектор кој согласно со Систематизацијата треба да има и двајца помошници на раководителот. Во моментот на изготвување на овој Годишен план, Секторот нема раководител на Сектор, туку има еден помошник раководител на Сектор. Се надеваме дека во текот на наредниот период ќе биде поставен Раководител на Сектор за да биде хиерархијата целосно запазена.

Во својот состав Секторот има 6 Одделенија, од кои во 4 има поставено раководители на Одделенијата, додека во 2 од Одделенијата, инспектори привремено координираат со Одделенијата до поставување на раководители.

Одделенијата во Секторот покриваат 11 различни области и тоа:

1. Одделение за комунална инспекција;
2. Одделение за комунални редари;
3. Одделение за инспекција на патен сообраќај и инспекција на патишта:
    - 3.1. Инспекција за патен сообраќај,
    - 3.2. Инспекција за патишта;
4. Одделение за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други такси:
    - 4.1. Инспекција за данок на имот,
    - 4.2. Инспекција за комунални и други такси;
5. Одделение за инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на Градот Скопје:

5.1. Инспекција за образование,

5.2. Инспекција за спорт,

5.3. Инспекција за туризам и угостителство.

6. Одделение за инспекциски надзор над животната средина;

Заради различните сфери на работа, Годишниот план за работа на Секторот како и анализата на ризиците и потребните обуки се изготвени и презентирани по Одделенија.

Исто така и потребните услови за спроведување на Годишниот план се дадени по Одделенија, согласно со поединечните потреби, согледувањата и искуствата на Одделенијата од досегашното работење.

Во Одделението за инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на Град Скопје, во кое се организирани просветните инспектори, инспекторите за туристичко-угостителска дејност, како и инспекторите за спорт, покрај наведените инспектори, потребно е да има и административни службеници како: економисти, правници и сл. кои ќе бидат логистичка поддршка на целиот Сектор, бидејќи во досегашната поставеност на Секторот имаше вработено само инспектори и раководители, како и општ административен кадар, но со донесување на новиот Закон за инспекциски надзор (Службен весник бр.102 од 2019), како и обврските кои што тој ги налага, се јавува потребата и од друг логистички кадар од наведените области.

Исто така потребно е зголемување и на бројот на овластени инспектори во Секторот Инспекторат на Град Скопје. Зголемување на бројот на инспектори е потребно пред сé во: инспекцијата за животна средина, инспекцијата за патен сообраќај, инспекцијата за патишта, просветната инспекција, инспекцијата за угостителство и туризам, инспекција за даноци и др., како што е наведено подолу во текстот, сé со цел подобро и поефикасно спроведување на инспекциските надзори на целата територија на град Скопје.

За реализација на Годишниот план ќе бидат изготвени шестмесечни извештаи во законски утврдени рокови и објавени на веб страната на Град Скопје.

**Табела 1.1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор по вид, звање и возраст**

| Вид | Комунален инспектор | | | | | | Инспектор за патен сообраќај | | | | | | Инспектор за патишта | | | | | | Инспектор за даноци на имот | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1-генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2-главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом.главен инспектор | | | | | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4-виш инспектор | | | | | 1 | 1 | | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | | |
| В1-советник инспектор | | 2 | 5 | 1 | | 8 | | 1 | | 2 | | 3 | | | | 1 | | 1 | | 1 | 1 | | | 2 |
| В2-самостоен инспектор | | | 1 | | | 1 | | 1 | | | | 1 | | | | | | | | | | | | |
| В3-помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4-помлад инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | 2 | 6 | 1 | 2 | 11 | | 2 | | 2 | | 4 | | | | 2 | | 2 | | 1 | 1 | | | 2 |

**Табела 1.2 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор по вид, звање и возраст**

| Вид | Инспектор за комунални и други такси | | | | | | Овластен просветен инспектор | | | | | | Инспектор за спорт | | | | | | Инспектор за туризам и угостителство | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1-генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2-главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом.главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4-виш инспектор | | | | | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В1-советник Инспектор | | | | | 1 | 1 | | | | 1 | 1 | 2 | | | 1 | 1 | | 2 | | | 1 | | | 1 |
| В2- самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В3- помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4-помлад инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | 1 | 2 | 3 | | | | 1 | 1 | 2 | | | 1 | 1 | | 2 | | | 1 | | | 1 |

Табела 1.3 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор по вид, звање и возраст

| Вид | Овластен инспектор за животна средина | | | | | | Вкупно инспектори во Сектор Инспекторат | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1-генерален инспектор | | | | | | | | | | | | |
| Б2-главен инспектор | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом.главен инспектор | | | | | | | | | | | 1 | 1 |
| Б4-виш инспектор | | | | | | | | | | 1 | 2 | 3 |
| В1-советник Инспектор | | | 2 | 3 | | 5 | | 4 | 10 | 9 | 2 | 25 |
| В2- самостоен инспектор | | | | | | | | 1 | 1 | | | 2 |
| В3- помошник инспектор | | | | | | | | | | | | |
| В4-помлад инспектор | | 1 | | | | 1 | | 1 | | 1 | | 2 |
| Вкупно | | 1 | 2 | 3 | | 6 | | 6 | 11 | 11 | 5 | 33 |

Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори

| Вид | Комунален инспектор | | | Инспектор за патишта | | | Инспектор за патен сообраќај | | | Инспектор за даноци на имот | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1-генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2-главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3-пом.глав.инспектор | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4-виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1-советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 2 | 1 | 0 | 1 |
| В2-самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3-помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4-помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 2 | 1 | 0 | 1 |

| Вид | Инспектор за комунални и други такси | | | Инспектор за животна средина | | | Инспектор за спорт | | | Просветен инспектор | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1-генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2-главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3-пом.глав.инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4-виш инспектор | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1-советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| В2-самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3-помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4-помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |

| Вид | Инспектор за угостителство и туризам | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1-генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2-главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3-пом.глав.инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Б4-виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| В1-советник инспектор | 2 | 0 | 2 | 7 | 0 | 7 |
| В2-самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3-помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| В4-помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Вкупно | 2 | 0 | 2 | 9 | 2 | 11 |

**Инспекциски надзор по Одделенија:**

## 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА:

Планот за работата на градските комунални инспектори за 2025 година ги опфаќа надлежностите на комуналната инспекција утврдени со материјалните законски и подзаконските акти и тоа:

- Законот за инспекциски надзор
- Законот за Град Скопје
- Законот за општата управна постапка
- Законот за прекршоците
- Закон за комунални дејности
- Закон за јавната чистота
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбаниотпадни води
- Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови идругиинфраструктурни објекти
- Закон за гробишта и погребални услуги
- Закон за управување со пакување и отпадот од пакување
- Законот за урбано зеленило
- Одлука за комунален ред во Град Скопје,

како и други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените законски и подзаконски акти, кои ќе бидат донесени во текот на 2025 година а се во надлежност на комуналните инспектори.

Планот опфаќа задачи и активности кои ќе ги извршува Одделението за комунална инспекција со девет комунални инспектори во текот на 2025 година и е систематизирана по области и тоа: инспекциски надзор, обуки и работни состаноци, аналитичко- информативна дејност, соработка со другите Сектори од Градот и

другите органи на државно и локално ниво, нормативна дејност за имплементација на материјалните закони и Законот за општата управна постапка, како и Законот за инспекциски надзор, Законот за прекршоци и Одлуката за комунален ред во Град Скопје.

**1. Инспекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор согласно со Законот за инспекциски надзор се спроведува како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Инспекциските надзори се вршат над работењето на Јавните комунални претпријатија утврдени со Законот за комунални дејности и Законот за Градот Скопје, над физички и правни лица на кои Градот Скопје им дал концесија или дозвола за вршење на комунална дејност и над физички и правни лица како корисници на комуналните услуги и тоа во однос на:

- одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајните површини во летен и зимски период;
- редовна контрола на градилиштата во однос на излегување на камиони и други градежни машини од градилиштата на улица со валкани тркала и непокриени со поклопец- церада;
- редовна контрола и дежурства на диви депонии и контроли заради палење на комунален отпад од страна на несовесни граѓани;
- контрола и учество во есенско и пролетно чистење на урбаниот дел од градот;
- контрола на расчистување на снегот пред деловни објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради;
- редовна контрола на угостителските објекти во однос на користење на јавна површина пред деловните простори;
- одржување и поставување на комуналните уреди и опрема;
- одржување на зеленилото на магистралните и собирни улици;
- одржување и користење на градските паркови, парк-шумите на подрачјето на градот Скопје, водените и спортско-рекреативни зони утврдени со ГУП;
- отстранување на паркирани возила од јавни зелени површини со пајак службата на Град Скопје;
- одржување на чистотата на јавните паркиралишта од значење на градот Скопје, утврдени со урбанистички план;
- снабдување со вода за пиење од единствениот водоснабдителен систем на градот Скопје;
- одведување и испуштање на атмосферските води;
- контрола на одржувањето и чистење на сливниците за атмосферски води;
- одведување и пречистување на урбаните отпадни води;
- одржување на чистотата на гробиштата и на придружните објекти;
- контрола над работата на управителот на гробиштата, операторот на погребалните услуги и каменорезачите;
- одржување и користење на речните корита во урбаниот дел;
- одржување на чистотата на пазарите на големо;
- инспекциски надзор на физичките и правните лица како корисници на комуналните услуги;

- инспекциски надзор на физичките и правните лица како даватели на комуналните услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни претставки од физички и правни лица;
- водење на управни постапки;
- прием на странки.

**2. Обуки:**

Комуналните инспектори ќе земат учество на работилници, семинари, предавања и едукации (доколку истите бидат организирани), во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони и подзаконските акти, односно следните специјализирани обуки за:

- Законот за општата управна постапка,
- Законот за прекршоците
- Закон за комунални дејности
- Законот за јавната чистота
- Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
- Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти
- Законот за гробишта и погребални услуги
- Законот за управување со пакување и отпадот од пакување
- Законот за урбано зеленило,

како и нивните евентуални измени и дополнувања во текот на 2025 година, доколку истите бидат организирани, како и реализација на следните генерички обуки:

1. Законодавство- Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор)
2. Изработување на управни акти
3. Зајакнување на личните капацитети- Систем на интегритет во инспекциските служби

**3. Проектни активности:**

Одделението за комунална инспекција во 2025 година, ќе учествува во реализација на разни активности чија цел е подобрување на чистотата во градот, подигнување на свеста на граѓаните и навремено и квалитетно извршување на услугите кои ги даваат јавните претпријатија.

**4. Аналитичко- информативна дејност:**

Одделението за комунална инспекција врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2025 година, како и во однос на наредните активности ќе изготви:

- Месечни оперативни планови за работа на Одделението за комунална инспекција за 2025 година; Рок: контуинирано, 2025 година

- Месечни извештаи за работата на Одделението за комунална инспекција за 2025 година; Рок: контуинирано, 2025 година
- Шестмесечен извештај за работата на Одделението за комунална инспекција за периодот јули-декември 2024 година; Рок: јануари 2025 година
- Шестмесечен извештај за работата на Одделението за комунална инспекција за периодот јануари-јуни 2025 година; Рок: јули 2025 година
- Годишен план за работа на Одделението за комунална инспекција за 2026 година; Рок: Декември, 2025 година

**5. Соработка на Одделението за комунална инспекција:**

Комуналните инспекторите во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите Одделенија во Секторот, како и со другите Сектори во Градот Скопје, општинските комунални инспекции на Општините во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните претпријатија и пред сé со граѓаните на Градот Скопје.

Рок: по потреба во текот на годината

**6. Нормативна дејност:**

Комуналните инспектори по потреба, ќе продолжат и со активности и иницијативи за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на градот Скопје.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле и разграничиле надлежностите на комуналните инспектори, а со тоа и нивната теренска работа би била поефикасна.

**7. Оперативна реонизација на територијата на Град Скопје:**

Инспекцискиот надзор ќе се врши на начин што Територијата на град Скопје е поделена на 8 реони, а сé со цел поефикасно следење на состојбите на конкретната територија.

**Реонските целини се следните:**

1. Реон 1 - Општина: Центар
2. Реон 2 - Општините: Кисела Вода
3. Реон 3 -Општина: Карпош
4. Реон 4 - Општина: Чаир
5. Реон 5 - Општините: Бутели Шуто Оризари,
6. Реон 6 - Општина: Гази Баба
7. Реон 7 - Општините: Ѓорче Петров и Сарај
8. Реон 8 - Општините: Аеродром

1. Реонот 1 ги опфаќа следните населби: Мал ринг, Голем ринг, Дебар Маало, Буњаковец, Капиштец и Водно;

2. Реонот 2 ги опфаќа следните населби: Кисела Вода, Расадник, 11.Октомври, Драчево, Пинтија
3.Реонот 3 ги опфаќа следните населби: Карпош 1, 2, 3 и 4, Козле и Тафталиџе;
4. Реонот 4 ги опфаќа следните населби:нас. Чаир, нас.Гази Баба, Топаана, Бит Пазар и Дуќанџик;
5. Реонот 5 ги опфаќа следните населби: Скопје Север, Бутел, Шуто Оризари, Визбегово и Радишани;
6. Реонот 6 ги опфаќа следните населби: Автокоманда, Гази Баба- индустриска зона, нас.Железара, Маџари, Ченто,
7. Реонот 7 ги опфаќа следните населби: Хром, Влае, Ѓорче Петров, Даме Груев и Сарај и
8.Реон 8 ги опфаќа следните населби:нас.Аеродром, Ново Лисиче, Лисиче – бараки; село Горно и Долно Лисиче.

## 8. Образложение:

Со изготвување на овој Планот за работа на Одделението за комунална инспекција за 2025 година, се предвидува превземање на мерки и активности за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на комуналните дејности и подобрување на условите за живот на граѓаните во градот Скопје.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2025 година, по регион и општина-комунална инспекција**

| Ред.бр, | Регион/ Општина | Вид на надзорот | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1. | Аеродром | 3 | 114 | 61 | 178 | 78 |
| 2. | Кисела Вода | 2 | 111 | 50 | 163 | 55 |
| 3. | Центар | 5 | 321 | 166 | 492 | 186 |
| 4. | Чаир | 3 | 82 | 46 | 131 | 51 |
| 5. | Карпош | 2 | 102 | 61 | 165 | 81 |
| 6. | Бутел | 2 | 23 | 13 | 48 | 15 |
| 7. | Гази Баба | 2 | 38 | 24 | 64 | 29 |
| 8. | Ѓорче Петров | 2 | 46 | 28 | 76 | 35 |
| 9. | Сарај | 0 | 16 | 11 | 27 | 13 |
| 10. | Шуто Оризари | 0 | 22 | 20 | 42 | 25 |

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3X3**

| ВЕРОЈАТНОСТ ЗА СЛУЧУВАЊЕ НА ШТЕТНИ ПШОСЛЕДИЦИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | 2-СРЕДНА | | Умерен ризик (4) | Значителен ризик (6) |
| | 1-НИСКА | | | Умерен ризик (4) |
| | | 1-НИСКА | 2-СРЕДНА | 3-ВИСОКА |

Проценката на ризици во Одделението за комунална инспекција предвидува средни до високи штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување, односно, умерен до значителен ризик, освен во контролата на комуналната такса за користење на јавна површина пред деловен простор за вршење на дејност, каде што досегашната пракса покажала голема зачестеност во повторувањето на неправилностите кај одредени исти субјекти на надзор.

## 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ РЕДАРИ:

Во изготвувањето на содржината на Годишниот план на градските комунални редари кој се однесува на 2025 година се наведени надлежностите на комуналните редари кои се утврдени со Закон за јавната чистота;

Задачите и активностите кои ќе бидат задолженија на комуналните редари во текот на 2025 година, во рамките на Годишниот план се таксативно приложени започнувајќи со:

- редовен надзор на терен, обуки за имплементација на Законот за јавната чистота, аналитичко- информативна дејност, соработка на Одделението за комунални редари со другите Одделенија и Сектори од Градот и другите органи на државно и локално ниво, завршувајќи со нормативната дејност.

### 1.Надзорни активности:

Надзорните активности ќе се вршат како:

- редовни
- контролни и

- вонредни;

Надзорот се врши над физички лица согласно со Законот за јавна чистота и тоа на следниот начин на кој што контролата се спроведува и реализира:

- на физичките лица како можни сторители на прекршокот им се изрекува мандатна казна.
- контрола на јавната чистота на јавните површини.
- контрола на расчистување на снегот пред деловните објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради.
- контрола на чистотата на зеленилото покрај магистралните и собирни улици.
- контрола на чистотата во градските паркови, парк- шумите на подрачјето на градот Скопје, водите и спортско рекреативните зони утврдени со ГУП.
- контрола на испуштање на атмосферски и отпадни води на јавни површини.

Надзорот ќе се врши на начин што територијата на Градот Скопје оперативно е поделена на 8 реони, а сé со цел поефикасно следење на состојбите на конкретната територија.

Реоните се следни:

- Реон 1- Општина: Центар
- Реон 2- Општина: Кисела Вода
- Реон 3- Општина: Аеродром
- Реон 4- Општина: Бутел и Шуто Оризари
- Реон 5- Општина: Гази Баба
- Реон 6- Општина: Карпош
- Реон 7- Општина: Ѓорче Петров и Сарај
- Реон 8- Општина: Чаир

1. Реонот 1 ги опфаќаследните населби: Дебар Маало, Буњаковец, Капиштец, Водно, Пролет, Голем ринг, Мал ринг.
2. Реонот 2 ги опфаќа следните населби: Кисела Вода, Расадник, 11 Октомври, Драчево, Пинтија .
3. Реонот 3 ги опфаќа следните населби: Аеродром, Ново Лисиче, Лисиче бараки, село Горно и Долно Лисиче.
4. Реонот 4 ги опфаќа следните населби: Скопје Север, Бутел, Радишани, Шуто Оризари, Визбегово.
5. Реонот 5 ги опфаќа следните населби: Ќерамидница, Автокоманда, Железара, Маџари, Ченто, Гази Баба –индустриска зона.
6. Реонот 6 ги опфаќа следните населби: Карпош 1 и 2, Карпош 3 и 4, Козле, Тафталиџе, Влае.
7. Реонот 7 ги опфаќа следните населби: Ѓорче Петров, Хром, Даме Груев, Сарај.
8. Реонот 8 ги опфаќа следните населби: Чаир, нас.Гази Баба, Топаана, Бит Пазар, Дуќанџик.

Надзорот ќе го вршат 11 комунални редари, што сметаме дека е недоволен број и потребно е зголемување на истиот, а исто така заради зачестените ризици и опасности по живот и здравје при вршење на работите во посебни услови (во изминатите години како и во тековната 2024 год. беа евидентирани неколку случаи),

сметаме дека би требало да имаат и додаток на плата за работа изложена на висок ризик, што би требало и законски да се уреди.

За извршените контроли Раководителот на Одделението изготвува шестмесечни извештаи кои ги доставува до Раководителот на Сектор.

**2.Обуки:**

Предвидено е комуналните редари да земат учество на работилници, семинари, предавања и едукации во врска со имплементација на одредбите од Законот за јавната чистота доколку истите бидат организирани од ЗЕЛС или други државни органи.

**3. Аналитичко- информативна дејност:**

- Шестмесечен извештај за работата на Одделението за комунални редари за периодот јули-декември 2024 година; Рок: јануари 2025 година
- Шестмесечен извештај за работата на Одделението за комунални редари за периодот јануари-јуни 2025 година; Рок: јули 2025 година
- Годишен план за работата на Одделението за комунални редари за 2026 година; Рок: Декември, 2025 година

**4. Соработка на Одделението за комунални редари:**

Дел од задолженијата на комуналните редари е во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, контуинирано да соработуваат со сите Одделенија во Секторот и другите Сектори во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните претпријатија и пред се́ со граѓаните на градот Скопје. **Рок на реализација: по потреба во текот на годината.**

**5. Нормативна дејност:**

Во рамките на овој дел се планира комуналните редари да имаат по потреба и активности за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, се́ со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на Законот за јавна чистота во интерес на подобрување на животот на граѓаните на Градот Скопје.

Ваквите активности сметаме дека се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се постигнало зголемување на надлежностите на комуналните редари, како и нивна поголема ефикасност.

**6. Образложение:**

Изготвувањето на овој Годишен план за работа на Одделението за комунални редари во себе предвидува превземање на мерки за спроведување на Законот за јавна чистота а со тоа и подобрување на условите за живот на граѓаните на градот Скопје.

## 3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТИШТА

### 3.1. ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ

Согласно надлежностите во делот од Одделението кој се однесува за инспекцијата за патен сообраќај при изработката на содржината на Годишниот план за 2025 година во предвид се земени обврските кои ги имаат инспекторите согласно законските и подзаконските акти а тоа се:

- Законот за превоз во патниот сообраќај
- Законот за инспекциски надзор
- Законот за прекршоци
- Законот за Град Скопје
- Законот за општа управна постапка
- Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на градот Скопје
- Одлуката за јавниот градски и приградски превоз на патници во Град Скопје
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополненија на наведените, кои евентуално ќе се донесат во 2025 година а се во надлежност на инспекцијата за патен сообраќај.

Целта на овој план е инспекторите за патен сообраќај во текот на 2025 година да бидат поуспешни при извршувањето на секојдневните активности согласно зададените задачи кои може да се систематизираат по области и тоа:

- Инспекциски надзор;
- Аналитичко – информативна дејност;
- Соработка со други Одделенија и Сектори од Градот и други органи на државно и локално ниво;
- Обуки и работни состаноци;
- Нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка како и Законот за инспекциски надзор.

#### 1.Инспекциски надзор:

Инспекциски надзор ќе се врши како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Инспектори за патен сообраќај ќе работат на целата територија на Град Скопје и тоа: (Центар, Кисела Вода, Аеродром, Карпош , Чаир, Бутел, Шуто Оризари, Гази Баба, Ѓорче Петров и Сарај-74), но бидејќи се само четири инспектори за патен сообраќај, сметаме дека е потребно да се вработат уште двајца инспектори за патен сообраќај.

Инспекторите за патен сообраќај во 2025 година ќе работат согласно со регулативата која се однесува на законските надлежности како што се Законот за превоз во патниот сообраќај и Одлуките кои што произлегуваат од овој Закон, Законот за Град Скопје, Законот за општа управна постапка, Закон за прекршоци и

Закон за инспекциски надзор, како и од приоритетот на актуелните проблеми кои ќе треба да се разрешуваат.

Во таа смисла со инспекциски надзор ќе бидат опфатени сите области од делокругот на работа, а со цел доследно спроведување на прописите од страна на субјектите над кои се извршува надзорната функција.

Приоритет во 2025 година ќе биде авто такси превозот во Градот Скопје. Инспекторите за патен сообраќај континуирано како и во претходната година ќе продолжат со своите активности за контрола на соодветната документација за вршење на авто такси превоз и санкционирање на сите оние кои вршат ваков вид на превоз на патници со одземање на сообраќајната дозвола и исклучување на такси возилото од сообраќај, а ако профункционира соработката со Агенцијата за управување со одземен имот, тогаш и времено ќе се одземаат возила со кои се врши авто такси превозот спротивно на законските акти.

За констатираните прекршоци инспекторите ќе изготвуваат записници, ќе донесуваат решенија во управна постапка, ќе поднесуваат барања за поведување прекршочна постапка, ќе донесуваат решенија за времено одземање на возилата кои вршат превоз на патници без изводи на лиценци, како и одземање на сообраќајни дозволи утврдено со Закон, или пак давање предлог до Секторот за Сообраќај на Град Скопје за одземање на дозволите за превоз или издадените лиценци.

Исто така, инспекторите ќе поведуваат прекршочна постапка по барање и Записник од ЈСП за неносење на билети во автобусите на ЈСП до Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Инспекцијата за патен сообраќај како и досега, така и во наредната 2025 година ќе продолжи со одличната соработка која ја има со Министерството за внатрешни работи во делот на квалитетното извршување на своите работни обврски, а ќе се настојува ваква соработка да се направи и со Агенцијата за управување со одземен имот, а со тоа да може да профункционира и одземањето на авто такси возила.

**2. Обуки:**

Инспекторите за патен сообраќај ќеземат учество на следниве генерички обуки:

1. Законодавство- Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор)
2. Изработување на управни акти
3. Зајакнување на личните капацитети- Систем на интегритет во инспекциските служби

И специјализирани обуки (доколку истите бидат организирани):

1.Обука за Законот за превоз во патниот сообраќај

**3. Аналитичко - информативна дејност**

Инспекцијата за патен сообраќај во врска со инспекциските надзори во 2025 година ќе изготви:

- Месечни планови за работата на Инспекцијата за патен сообраќај за 2025 **Рок: контуинирано, 2025 година**
- Месечни извештаи за работата на Инспекцијата за патен сообраќај за 2025 година.**Рок: контуинирано, 2025 година**
- Шестмесечен извештај за работата на Инспекцијата за патен сообраќај за периодот јули-декември 2024 година **Рок: јануари, 2025 година**
- Шестмесечен извештај за работата на Инспекцијата за патен сообраќај за периодот јануари- јуни 2025 година **Рок: јули, 2025 година**
- Годишен план за работата на Инспекцијата за патен сообраќај за 2026 година. **Рок: Декември, 2025 година**

## 4. Соработка на Инспекција за патен сообраќај:

Инспекторите во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите Одделенија во Секторот и другите Сектори во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, и пред сé со граѓаните на Градот Скопје. Рок: по потреба во текот на годината.

## 5. Нормативна дејност:

Инспекторите за патен сообраќај ќе продолжат и со активностите за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на превозот на патници во Градот Скопје.

За извршените инспекциски надзори Раководителот на Одделението изготвува месечен план, како и месечен извештај кои ги доставува до Раководителот на Сектор, како и шестмесечни извештаи кои се објавува на веб страната на Град Скопје.

## 6. Средства потребни за извршување на инспекциските контроли:

Инспекцијата за патен сообраќај ќе го реализира овој План на територијата на Град Скопје со 4 инспектори за патен сообраќај.

За спроведување на овој План потребни се и материјално- технички средства и други услови и тоа пред сé:

- Возило- потребно за извршување на теренските активности.

Период на реализација на овој План: Јануари- Декември 2025 година.

## 7. Образложение:

Инспекцијата за патен сообраќај на Град Скопје има голема улога во подобрувањето на условите на живеење на сите граѓани на Градот Скопје од конкретната област. Со овој план за работа на инспекцијата за патен сообраќај на Град Скопје за 2025 година се предвидуваат сите активности и мерки кои ќе се превземаат во периодот Јануари – Декември 2025 година согласно сите законски и подзаконски акти, а со основна цел подобрување на квалитетот на услугите кон

граѓаните во овој сегмент преку вршење на редовни контроли на целата територија на Град Скопје опфатена со ГУП.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2025 година, по регион и општина за инспекција за патен сообраќај**

| | | **Вид на надзорот** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Регион/ Општина** | **Редовен надзор** | **Вонреден надзор** | **Контролен надзор** | **Вкупно надзори** | **Вкупно неправилности** |
| **1.** | **Град Скопје** | **160** | **5** | **36** | **201** | **150** |

**ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3X3**




Проценката на ризици во инспекцијата за патен сообраќај предвидува средни до високи штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување,односно умерен до значителен ризик во контролата на такси превозот каде што досегашната пракса покажала голема зачестеност во повторувањето на неправилностите кај одредени исти субјекти на надзор.

## 3.2. ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТИШТА

При утврдување на содржината на Годишниот план за работа за 2025 година на инспекторите за патишта на Град Скопје се земени во предвид надлежностите на инспекторите за патишта утврдени со законските и подзаконските акти утврдени според:

- Законот за јавните патишта
- Законот за инспекциски надзор

- Законот за Град Скопје
- Законот за општа управна постапка
- Закон за прекршоци
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените, кои евентуално ќе се донесат во 2025 година а се во надлежност на инспекцијата за патишта.

Во Планот, задачите и активностите што ќе ги извршуваат инспекторите за патишта на Град Скопје во текот на 2025 година се систематизираат по области и тоа:

- инспекциски надзор,
- аналитичко - информативна дејност,
- соработка со другите Одделенија и Сектори од градот и другите органи на државно и локално ниво,
- обуки и работни состаноци, нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони.

**1. Инспекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор се врши како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Активностите на инспекцијата за патишта ќе се извршуваат во текот на периодот: јануари- декември 2025 година. Инспекциските контроли ќе се извршуват самостојно или според потребите во координација со другите инспекциски одделенија на Секторот Инспекторат на Град Скопје.

Во редовните активности на инспекцијата за патишта влегуваат:

1. Контрола на вертикалната сообраќајна сигнализација- ќе се извршува во текот на целата година.
2. Контрола на хоризонталната сообраќајна сигнализација - ќе се извршува во текот на целата година, а посебно во месеците мај, јуни, септември и октомври кога истата се обновува.
3. Контрола на светлосната сообраќајна сигнализација и нејзиното функционирање - ќе се извршува во текот на целата година.
4. Контрола на опремата на патиштата (заштитни столбчиња, одбојни огради, огради на мостови и надвозници) и одржување на разделното зеленило на булеварите во надлежност на Град Скопје - ќе се извршува во текот на целата година.
5. Контрола на Одобренијата за локации за место за рекламирање (табли, тотеми и билборди) и контрола на терен дали истите се поставени според добиените Одобренија - ќе се извршува во текот на целата година.
6. За сите недостатоци ќе се известат Јавните претпријатија на Град Скопје надлежни за нивно одржување да превземат содветни мерки за отстранување на недостатоците во рамките на своите надлежности - ќе се извршува во текот на целата година.
7. Контрола на издадените дозволи за надолжни и напречни прекопи на патот, бушења на трупот на патот заради водење на водови за

канализација, водоводи, гасоводи, топловоди, електро и други видови на водови - ќе се извршува во текот на целата година.

8. Контрола на лиценците за подигање и превоз на хаварисани возила и возила во дефект на подрачјето на Град Скопје – оваа активност ќе се извршува во текот на целата година.
9. Контрола на работите кои се изведуваат на патот или во близина на патот, а кои можат да ја доведат во прашање сигурноста на јавниот пат и безбедноста на сообраќајот - ќе се извршува во текот на целата година.
10. Контрола на сообраќајните времени режими на територија на Град Скопје - ќе се извршува во текот на целата година,

За констатираните прекршоци инспекторите ќе изготвуваат записници, ќе донесуваат решенија во управна постапка, заклучоци (налози) за дозвола на извршување и ќе поднесуваат барања за поведување прекршочна постапка. Извршувањето на заклучоците (налозите) за дозвола на извршување донесени врз основа на решенија на инспекторите за патишта ќе ги извршува ЈП „Улици и патишта“.

**2. Обуки:**

Инспекторите за патишта ќеземат учество на следниве генерички обуки:

1. Законодавство- Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор)
2. Изработување на управни акти
3. Зајакнување на личните капацитети- Систем на интегритет во инспекциските служби

Специјализирани обуки (доколку истите бидат организирани):

1.Обука за Законот за јавните патишта;

**3. Аналитичко - информативна дејност**

Инспекцијата за патишта на Град Скопје за спроведување на својата работа и вршење на инспекциски надзори во 2025 година ќе изготви:

- Месечни планови за работата на Инспекцијата за патен сообраќај за 2025 година. **Рок: контуинирано, 2025 година**
- Месечни извештаи за работата на Инспекцијата за патишта за 2025 година. **Рок: контуинирано, 2025 година**

-Шестмесечен извештај за работата на Инспекцијата за патишта за периодот јули-декември 2024 година. **Рок: јануари, 2025 година**
-Шестмесечен извештај за работата на Инспекцијата за патишта за периодот јануари- јуни 2025 година. **Рок: јули, 2025 година**
-Годишен план за работата на Инспекцијата за патишта за 2026 година. **Рок: Декември, 2025 година**

**4. Соработка на Инспекцијата за патишта на Град Скопје**

Инспекцијата за патишта на Град Скопје во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработува со сите Одделенија во Секторот и другите Сектори во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните препријатија и пред сé со граѓаните на Градот Скопје. Рок: по потреба во текот на годината.

## 5. Нормативна дејност

Инспекторите за патишта ќе продолжат и со активностите за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на безбедноста во сообраќајот на улиците во надлежност на Градот Скопје.

За извршените инспекциски надзори Раководителот на Одделението изготвува месечен план, како и месечен извештај кои ги доставува до Раководителот на Сектор, како и шестмесечни извештаи кои се објавува на веб страната на Град Скопје.

Инспекцискиот надзор ќе се врши на начин што територијата на град Скопје е поделена на два реони, а со цел поефикасно следење на состојбите на конкретната територија и тоа со двајца инспектори за патишта.

**Реонски целини се следните:**

1. Реон 1: Општините: Центар, Кисела Вода, Ѓорче Петров, Сарај, Бутел, Гази Баба и Шуто Оризари.
2. Реон 2: Општините: Чаир, Аеродром и Карпош.

За извршените инспекциски надзори Раководителот на Одделението изготвува месечен извештај, месечен план кои ги доставува до Раководителот на Сектор, како и шестмесечни извештаи кои се објавуваат на веб страната на Град Скопје.

## 6. Средства потребни за извршување на инспекциските контроли

Инспекцијата за патишта при Секторот Инспекторат на Град Скопје ќе го спроведе овој План на територијата на Град Скопје со еден инспектор за патишта. Заради обемот на работа и големината на теренот потребно е да за вработи уште еден инспектор за патишта.

За спроведување на овој План потребни се финансиски средства предвидени во Буџетот на Град Скопје. Финасиските срества се потребни за евентуална потреба од асистенција од страна на полицијата при отстранување на некој објект, согласно со надлежностите на инспекцијата за патишта.

Период на реализација на овој План: Јануари- Декември 2025 година

**Образложение:**

Со изготвување на овој Годишен план за работа на Инспекцијата за патишта за 2025 година, се предвидува превземање на мерки за спроведување на Законот, нормите и стандардите за одржување и заштита на јавните патишта, како и кординација на органите, организациите и претпријатијата од областа на изградбата и одржувањето на патната мрежа со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2025 година, по регион и општина за инспекција за патишта**

| Ред.бр. | Регион/ Општина | Вид на надзорот | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1. | Аеродром | 10 | 1 | 9 | 20 | 9 |
| 2. | Кисела Вода | 8 | 2 | 9 | 19 | 7 |
| 3. | Центар | 10 | 2 | 9 | 21 | 9 |
| 4. | Чаир | 9 | 1 | 7 | 17 | 7 |
| 5. | Карпош | 10 | 2 | 9 | 21 | 9 |
| 6. | Бутел | 5 | 1 | 4 | 10 | 3 |
| 7. | Гази Баба | 5 | 1 | 4 | 10 | 4 |
| 8. | Ѓорче Петров | 5 | 1 | 4 | 10 | 3 |
| 9. | Сарај | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 10. | Шуто Оризари | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |

## ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3Х3**




Проценката на ризици во инспекцијата за патишта предвидува средни до високи штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување, односно, висок до значителен ризик во контролата на одобренијата за поставување на

натписи и рекламни табли каде досегашната пракса покажала голема зачестеност во повторувањето на неправилностите кај одредени исти субјекти на надзор.

## 4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДАНОЧНА ИНСПЕКЦИЈА И ИНСПЕКЦИЈА ЗА НАПЛАТА НА КОМУНАЛНИ И ДРУГИ ТАКСИ:

Годишниот план за работа на Одделението за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други такси е законска обврска согласно Законот за инспекциски надзор.

**Законска регулатива и надлежности:**

При утврдување на содржината на Планот за работа на овластените инспектори за данок на имот и инспекторите за наплата на комунални и други такси на Град Скопје за 2025 година, се имаа во предвид надлежностите на инспекцијата утврдени со следниве закони и подзаконските акти:

### 4.1. ИНСПЕКЦИЈА ЗА ДАНОК НА ИМОТ

Надлежноста на инспекцијата за данок на имот е регулирана со следниве закони:

- Закон за даноци на имот
- Закон за инспекциски надзор
- Закон за Град Скопје
- Закон за општата управна постапка
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополненија на наведените, кои евентуално ќе се донесат во 2025 година, а се во надлежност на инспекцијата за даноци на имот.

### 4.2.ИНСПЕКЦИЈА ЗА КОМУНАЛНИ И ДРУГИ ТАКСИ

Надлежноста на инспекцијата за наплата на комунални и други такси е регулирана со следниве закони и подзаконски акти:

- Закон за комунални такси
- Закон за такса за привремен престој
- Закон за пожарникарство
- Закон за инспекциски надзор
- Закон за Град Скопје
- Одлука за јавните паркиралишта од значење за градот Скопје
- Одлука за користење на јавни површини во Градот Скопје
- Одлука за висината на комуналните такси во Град Скопје.
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените кои ќе се донесат во 2025 година, а се во надлежност на инспекцијата за наплата на комунални и други такси.

Планот содржи задачи и активности кои ќе ги извршуваат инспекторите за даноци на имот и инспекторите за наплата на комунални и други такси во текот на 2025 година систематизирани по области и тоа:

1. Човечки ресурси и надлежности,
2. Инспекциски надзор,

3. Аналитичко - информативна дејност,
4. Соработка со другите сектори од Градот Скопје и другите органи на државно и локално ниво,
5. Обуки, едукација и работни состаноци,
6. Нормативна дејност за имплементација на материјалните закони и Законот за инспекциски надзор, како и Законот за општа управна постапка.

**Човечки ресурси и надлежности:**

Одделението е екипирано со раководител - виш инспектор и четири инспектори од кои два за инспекција на данокот на имот и два за наплата на комунални и други такси.

Со тоа сметаме дека ова Одделение кадровски е екипирано за целосна реализација на годишните плански активности.

Во месец мај 2025 г. Раководителот на одделението заминува во пензија, па потребно е правовремено да се изнајде соодветно решение за надминување на оваа состојба.

**Инспекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор согласно законската регулатива ќе се спроведува како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

**Даноци на имот:**

Инспекцискиот надзор за даноците на имот се врши над правни и физички лица и тоа од аспект на тоа дали го имаат пријавено имотот за оданочување и дали за него имаат платено данок на промет со недвижности, како и дали данокот на имот е платен навремено и во целост согласно со Законот за даноците на имот и Законот за инспекциски надзор.

**Комунални и други такси:**

Инспекторите за наплата на комунални такси и други такси ќе вршат инспекциски надзор за тоа дали обврзниците (правни и физички лица) ги плаќаат навремено и во целост јавните давачки кон Град Скопје, и тоа за:

- користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи градот;
- користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли;
- користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност;

Надзорот над наплатата на комуналните такси ќе се врши согласно со Законот за комунални такси, односно дали обврзниците навремено и во целост ги уплаќаат комуналните такси според утврдениот тарифник.

**Противпожарен придонес:**

Инспекторите за наплата на комунални такси и други такси ќе вршат инспекциски надзор над уплатата на 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила (Каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила во согласност со Законот за пожарникарство.

**Такса за привремен престој:**

Надзорот над наплатата на таксата за привремен престој ќе се врши согласно со Законот за таксата за привремен престој, односно дали обврзниците навремено и во целост ја уплаќаат таксата, според законски утврдената висина.

Вршењето на инспекцискиот надзор во ова Одделение (данок на имот и комунални и други такси) ќе ги опфаќа следниве активности:

1. Вршење на инспекциски надзор над спроведување на законите, подзаконските акти и прописите на Градот Скопје согласно законската регулатива.
2. Утврдување на фактичката состојба на субјектите на надзор на терен и изготвување на записници за констатираните состојби.
3. Изрекување на мерки пропишани со закон.
4. Водење на управна постапка во прв степен и донесување на решенија.
5. Поднесување на барања за прекршочна постапка.
6. Вршење на стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби.
7. Изготвување на стручно-аналитички материјали и информации.
8. Секојдневна комуникација со странки и одговарање на прашања од областа на Законот за даноците на имот, Закон за комунални такси, и Законот за такса за привремен престој, Законот за пожарникарство.
9. Постапување по претставки на граѓани.
10. Постапување по барања доставени од Општините во Град Скопје и од Секторот за даноци и комунални такси во Град Скопје.
11. Изготвување на план за работа од инспекторите од ова одделение кој ќе биде во согласност со овој план, како и со материјалното законодавство.
12. Изработка на месечни оперативни планови и месечни извештаи врз основа на Годишниот план до Раководителот на Секторот.

**Аналитичко- информативна дејност:**

Одделението за даночна инспекција и инспекција за наплата на комунални и други такси за инспекцискиот надзор во 2025 година ќе изготви:

- Месечни оперативни планови за работа на Одделението.
  **Рок: Континуирано, 2025 година**
- Шестмесечен извештај за работата на Одделението за периодот јануари-јуни 2025 година;
- **Рок:Јули, 2025 година**
- Шестмесечен извештај за работата на Одделението за периодот јули-декември 2024 година;

– **Рок: Јануари, 2025 година**

- Годишен план за работа на Одделението за 2026 година;

– **Рок: Декември, 2025 година**

**Соработка со други сектори од Градот Скопје и другите органи на државно и локалнониво:**

Инспекторите во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со закон, континуирано ќе соработуваат со сите одделенија во секторот како и со Секторот за финансиски прашања, Секторот за даноци и комунални такси, Сектор от за правни работи, Секторот за планирање и уредување на просторот, Секторот за сообраќај, а по потреба и со другите Сектори во Градот Скопје, органите и институциите на државно и локално ниво, јавните препријатија и пред се́ со граѓаните на Градот Скопје.

– **Рок: по потреба во текот на годината.**

**Обуки, едукација и работни состаноци:**

Инспекторите за даноци на имот и инспекторите за комунални и други такси ќе земат учество на следниве генерички обуки:

1. Законодавство- Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор)
2. Изработување на управни акти
3. Зајакнување на личните капацитети- Систем на интегритет во инспекциските служби

како и на специјализирани обуки, доколку истите бидат организирани:

1. Обука за Законот за даноци на имот
2. Обука за Законот за прекршоците
4. Обука за Законот за комуналните такси
5. Обука за Законот за таксата за привремен престој

Покрај горе наведените генерички и специјализирани обуки инспекторите за даноци на имот и инспекторите за наплата на комунални и други такси ќе земат учество на семинари, работилници, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалното законодавство, Законот за инспекциски надзори Законот за општа управна постапка, како дел до специјализираните обуки, доколку такви бидат организирани.

**Рок:01.01.2025 - 31.12.2025 година**

**Нормативна дејност за имплементација на материјалните закони, Законот за инспекциски надзор и Законот за општа управна постапка:**

Инспекторите по потреба ќе поведуваат активности и иницијативи за измена и дополнување на постојната законска регулатива во делот на материјалните закони и тоа:

- Законот за даноците на имот
- Законот за комунални такси
- Законот за такса за привремен престој
- Законот за пожарникарство и др.

Измените и дополнувањата на материјалното законодавство се потребни за да се дојде до ефикасни законски решенија, во случаи кога во важечките законски и подзаконски акти ќе се согледаат недоречености за одредени состојби, кои не се целосно законски регулирани, а со самото тоа се и неспроведливи и неефикасни.

Од друга страна проблемите поврзани со надлежностите на инспекторите вработени во единиците на локалната самоуправа во градот Скопје го наметнува и проблемот на строгата поделба на надлежностите, особено во делот на спроведувањето на Законот за даноците на имот и Законот за таксата за привремен престој, па оттука и потребата за поведување на иницијатива за измена на законите која ја регулираат оваа проблематика.

Реализацијата на горенаведените активности, инспекторите од ова одделение, ќе се остваруваат преку формираната мрежа во рамките на ЗЕЛС од вработените во инспекциските служби од единиците на локалната самоуправа во целата држава и Градот Скопје, како и преку воспоставените контакти со Министерството за финансии.

## 4.1 ИНСПЕКЦИЈА ЗА ДАНОК НА ИМОТ

**Реонски целини за инспекциски надзор за даноци на имот се следните**:

Инспекцискиот надзор за даноците на имот ќе се врши над правни и физички лица на начин што територијата на Град Скопје е поделена на 5 реони, со цел поефикасно следење на состојбите на конкретната територија.

- Реон 1 - Општина: Центар
- Реон 2 - Општините: Кисела Вода и Аеродром
- Реон 3 - Општините: Бутел и Гази Баба
- Реон 4 - Општините: Карпош, Ѓорче Петров и Сарај
- Реон 5 - Општините: Чаир и Шуто Оризари

**Табела 1: Преглед на очекуван број неправилности кај инспекцијата за данок на имот во 2025 год.**

| | | Вид на надзорот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр** | **Регион/ Општина** | **Редовен надзор** | **Вонреден надзор** | **Контролен надзор** | **Вкупно надзори** | **Вкупно неправилности** |
| **1.** | Општина Центар | **6** | **20** | **15** | **41** | **3** |
| **2.** | Општини Кисела Вода и Аеродром | **6** | **20** | **15** | **41** | **3** |
| **3.** | Општини Бутел и Гази Баба | **6** | **20** | **15** | **41** | **3** |
| **4.** | Општина Карпош, Ѓорче Петров и Сарај | **6** | **20** | **15** | **41** | **3** |
| **5.** | Општини Чаир и Шуто Оризари | **6** | **20** | **1** | **41** | **3** |

**ТЕЖИНА НАШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3Х3**




Проценката на ризици за даночна инспекција предвидува средни до високи штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување, односно, умерен до значителен ризик.

При инспекцискиот надзор поголема зачестеност во повторувањето на неправилностите кај одредени исти субјекти на надзор се јавува во поглед на ненавремената уплата на задолжувањата за данок на имот, како и кај променливата состојба на вредноста на недвижниот имот. Зголемена зачестеност особено се јавува кај субјектите на надзор кои се директни инвеститори на новите деловни единици кои се изградени.

## 4.2 ИНСПЕКЦИЈА ЗА НАПЛАТА НА КОМУНАЛНИ И ДРУГИ ТАКСИ

За инспекцискиот надзор врз наплатата на комуналните и  други такси, реон на контрола е целата територија на Градот Скопје.

**Табела 1: Преглед на очекуван вкупен број неправилности-инспекција за комунални и други такси за 2025 година**

| | | Вид на надзорот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр,** | **Регион/ Општина** | **Редовен надзор** | **Вонреден надзор** | **Контролен надзор** | **Вкупно надзори** | **Вкупно неправилности** |
| **1.** | Град Скопје | **50** | **100** | **75** | **225** | **30** |

**ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3Х3**

| Веројатност за случување на штетни последици | 1-НИСКА | 2-СРЕДНА | 3-ВИСОКА |
|---|---|---|---|
| 3-ВИСОКА | | | |
| 2-СРЕДНА | | (4) | (6) |
| 1-НИСКА | | | (4) |

Проценката на ризици во инспекцијата за наплата на комунални и други такси предвидува средни до високи штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување, односно, умерен до значителен ризик, освен во контролата на комуналната такса за користење на јавна површина пред деловен простор за вршење на дејност, каде што досегашната пракса покажала голема зачестеност во повторувањето на неправилностите кај одредени исти субјекти на надзор.

За извршените инспекциски надзори овластените инспектори изготвуваат месечен извештај, како и месечен оперативен план кои се доставуваат до Раководителот на Сектор.

## Услови потребни за извршување на инспекциските контроли:

Одделението ќе го спроведе овој План на територијата на Град Скопје со раководител, два инспектори за даноци на имот, еден овластен инспектор и еден помлад инспектор за наплата на комунални и други такси.

За поефикасно спроведување на овој план потребни се дополнителни материјално– технички и другиуслови и тоа:

- Возило и
- Конекција со Агенцијата за катастар на недвижностите;

## Образложение:

Со изготвување на овој план за работа на Одделението за даночна инспекција и инспекција за наплата на комуналните и други такси се предвидува превземање на мерки и активности за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на даноците на имот, комуналните такси и таксата за привремен престој како и останатите закони кои ја регулираат оваа област, а со тоа и обезбедување на

редовна и навремена наплата на обврските на правните и физичките лица по основа на јавни давачки како изворни приходи на Градот Скопје.

## 5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ДРУГИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ:

Годишниот план за работа на инспекциите во состав на Одделението за инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на Град Скопје е законска обврска согласно со Законот за инспекциски надзор. Ова Одделение нема раководител и потребно е во што поскоро време негово поставување. Сега со Одделението координираат двајца инспектори по потреба.

Во ова Одделение се организирани следните инспекции: просветна инспекција, инспекција за спорт и туристичко-угостителска инспекција.

### 5.1 ПРОСВЕТНА ИНСПЕКЦИЈА

Овластениот просветен инспектор на Град Скопје врши инспекциски надзор за ефикасно спроведување на законите, другите прописи и општи акти од областа на воспитанието и образованието во средните училишта и ученичките домови кои се во надлежност на Град Скопје.

Во планирањето на содржините во Годишниот план за работа на Овластениот просветен инспектор за 2025 година, земени се во предвид овластувањата и надлежностите кои произлегуваат од важечките законските прописи и подзаконски акти и тоа:

- Законот за инспекциски надзор;
- Законот за просветната инспекција;
- Законот за општата управна постапка;
- Законот за прекршоците;
- Законот за постапување по претставки и предлози;
- Законот за Град Скопје;
- Законот за средното образование;
- Законот за стручно образование и обука;
- Законот за ученичкиот стандард, како и
- други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените кои ќе се донесат во 2025 година, а се во надлежност на просветната инспекцијата на Град Скопје.

Во Планот, задачите и активностите што ќе ги извршуваат овластените просветни инспектори во текот на 2025 година се систематизирани по области и тоа: инспекциски надзор, аналитичко- информативна дејност, соработка со другите сектори од градот и другите органи на државно и локално ниво, обуки, едукации и работни состаноци, нормативна дејност и имплементација на материјалните закони, Законот за општа управна постапка, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоци.

**1. Човечки ресурси и надлежности**

Просветната инспекција е екипирана со двајца просветни инспектори. Согласно надлежностите, сложеноста, природата и обемот на работата, како и бројот на субјекти на надзор, одделението во иднина ќе треба да се доекипира со уште еден просветен инспектор, со што сметаме дека просветната инспекција на Град Скопје ќе биде целосно кадровски екипирана.

## 2.Инспекциски надзор

Овластените просветни инспектори на Град Скопје во рамките на своите надлежности утврдени со закон, се овластени да вршат инспекциски надзор над правни субјекти од дејноста образование и воспитание во секое време на лице место, без претходна најава (освен доколку станува збор за редовен инспекциски надзор).

Инспекцискиот надзор се однесува на примената на законите и прописите од областа на образованието и опфаќа изрекување на инспекциски мерки и санкции со цел отстранување на утврдените неправилности и остварување и заштита на јавниот интерес и интересот на физичките и правните лица. Инспекцискиот надзор се врши преку:

- Редовен инспекциски надзор, кој е најавен и се врши врз основа на годишниот план за работа на инспекцијата;
- Вонреден инспекциски надзор, е ненајавен и се врши врз основа на иницијатива од страна на ученици, родители, совет на родители, вработени во воспитно-образовните установи и од други граѓани и
- Контролен инспекциски надзор, се врши по истекот на рокот определен од страна на инспекторот за отстранување на утврдените недостатоци;

Со цел доследно спроведување на прописите, општите и посебните акти од областа на воспитанието и образованието, во текот на 2025 година во согласност со овластувањата и надлежностите дадени со Закон, овластените просветни инспектори на Град Скопје ќе вршат надзор во средните училишта и ученичките домови основани од Град Скопје во врска со:

- условите и постапката за основање и престанок со работа на воспитно образовните установи основани од Град Скопје;
- условите за работа во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;
- запишувањето на учениците во средните училишта на Град Скопје;
- превозот, исхраната и сместувањето на учениците во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;
- условите за избор на наставници и стручни соработници во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;
- постапката за формирање на училишните органи во воспитно образовните установи основани од Град Скопје;
- контрола над средствата стекнати од сопствени извори во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје;

Во доменот на своите работни задачи и активности, овластените просветни инспектори ќе:

- вршат увид над спроведувањето на законите и другите прописи и општи акти во воспитно- образовните установи основани од Град Скопје;
- вршат контролен надзор по истекот на определен рок за отстранување на утврдени недостатоци;
- изрекувааат со Закон пропишани мерки и активности;
- водат постапки во прв и втор степен пред надлежен суд;
- вршат стручна обработка на прашања што се од значење за примена на законските одредби;
- изготвувааат анализи и информации од доменот на своето работење;
- реализирааат консултативни и работни средби со Секторот за образование на Град Скопје, Активот на директори на Град Скопје, Државниот просветен инспекторат, Бирото за развој на образованието, како и со Центарот за стручно образование и обука, а во функција на разрешување на проблеми кои произлегуваат од промени во законската регулатива;

**3. Обуки**

Во текот на 2025 година се планира учество на следниве генерички и специјализирани обуки доколку истите бидат организирани:

**Генерички обуки:**

**2. Обуки:**

Просветните инспектори ќеземат учество на следниве генерички обуки:

1. Законодавство- Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор)
2. Изработување на управни акти
3. Зајакнување на личните капацитети- Систем на интегритет во инспекциските служби

**Специјализирани обуки:**

1.Обуки од материјалното законодавство;

**4. Проектни активности:**

Просветната инспекцијата во 2025 година ќе учествува во реализација на разни активности чија цел ќе биде унапредување на воспитно-образовниот процес во воспитно-образовните институции основани од Град Скопје.

**5. Аналитичко- информативна дејност**

Месечни оперативни планови за работа;
**Рок: Континуирано, 2025 година**;
- Месечни извештаи за работата;
**Рок: Континуирано, 2025 година;**
- Шестмесечен извештај за работата за периодот јули-декември 2024 година;
**Рок: јануари, 2025 година;**
- Шестмесечен извештај за работата за периодот јануари-јуни 2025 година;
**Рок: јули, 2025 година;**
- Годишен план за работа за 2026 година;
**Рок: Декември, 2025 година**.

## 6.Соработка со други сектори од Градот Скопје и другите органи на државно илокалнониво

Просветните инспектори во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите одделенија во Секторот, Секторот за образование на Град Скопје, по потреба и со другите Сектори во Градот Скопје, органите и институциите на државно и локално ниво, Заедницата на единиците на локална самоуправа, јавните средни училишта и ученичките домови кои се во надлежност на Град Скопје и сите други заинтересирани страни.

## 7. Нормативна дејност за имплементација на материјалните закони, Законот за инспекциски надзор и Законот за општа управна постапка

Просветните инспектори во соработка со надлежните институции по потреба, а со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските прописи во интерес на подобрување на состојбите во воспитно-образовната дејност, ќе иницираат активности и иницијативи за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во делот на материјалните закони.

## 8. Реонски целини за инспекциски надзор за просветната инспекција се следните:

Инспекцискиот надзор ќе се врши во правните субјекти основани од Град Скопје и распространети на целата територија на Град Скопје.

## 9.Услови потребни за извршување на инспекциските контроли:

Просветната инспекција ќе го спроведе овој план на територијата на Град Скопје со двајца просветни инспектори.

За поефикасно спроведување на овој план потребно е возило за извршување на теренските активности.

## 10.Образложение:

Со изготвување на Годишниот план за работа на просветните инспектори за 2025 година се предвидува и превземање мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на образованието, а во функција на обезбедување и подобрување на состојбите и квалитетот на воспитно-образовниот процес.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори споредвидот во 2025 година, по регион и општина за просветна инспекција**

| | | Вид на надзорот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Регион/ Општина** | **Редовен надзор** | **Вонреден надзор** | **Контролен надзор** | **Вкупно надзори** | **Вкупно неправилности** |
| 1. | Град Скопје | 160 | 45 | 15 | 220 | 15 |

**ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3Х3**




При вршењето на инспекциски надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на воспитанието и образованието во воспитно-образовните установи основани од Град Скопје, овластените просветни инспектори, во одредени ситуации, најчесто се изложени на ризици како: оневозможување на вршење инспекциски надзор, нецелосно доставување на податоци и/или вербални конфликти и при тоа се очекуваат средни штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување, односно со низок и умерен ризик.

## 5.2 ИНСПЕКЦИЈА ЗА СПОРТ

Инспекторите за спорт на Град Скопје во делокругот на своето работење во текот на претстојната 2025 година ќе се раководат според следните законски и подзаконски акти:

- Закон за спорт;
- Законот за инспекциски надзор;
- Законот за Град Скопје;
- Законот за општа управна постапка;
- Законот за прекршоци;

како и законските и подзаконски прописи кои ќе се донесат во тековната година, а се однесуваат на дејноста спорт и се во надлежност на овластените инспектори за спорт на Град Скопје.

Предмет на контрола на овластените инспектори за спорт на подрачјето на Град Скопје ќе бидат:

- Спортски субјекти (клубови);
- Спортски објекти;
- Спортски натпревари;

Исто така ќе се постапува по преставки и пријави од страна на граѓаните, како и по сопствена иницијатива на самите инспектори.

Во Годишниот план за работа во текот на 2025 година, задачите и активностите што ќе ги извршуваат овластените инспектори за спорт се систематизираат по области, особено за: инспекциски надзор, аналитичко-информативна дејност, соработка со другите сектори од градот и другите органи на државно и локално ниво, обуки и работни состаноци, нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони и Законот за општата управна постапка, како и Законот за инспекциски надзор.

**1. Човечки ресурси и надлежности**

Инспекцијата за спорт својата активност ќе ја реализира со двајца инспектори, кои што своите надлежности ги генерираат од соодветните закони, подзаконски и општи акти.

**2. Инспекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор се врши редовно или по добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и средства за јавно информирање.

Овластените инспектори за спорт на Градот Скопје се овластени да вршат инспекциски надзор, над правни и физички лица кои обавуваат дејност спорт во секое време на лице место, без претходна најава (освен доколку станува збор за редовен инспекциски надзор), во спортските субјекти, спортски објекти и спортски натпревари, со соодветни средства и опрема за вршење на дејноста а за чие обезбедување надлежен е работодавацот.

Инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:

- редовен инспекциски надзор
- вонреден инспекциски надзор
- контролен инспекциски надзор

При тоа посебно внимание се дава на следните аспекти:

- Дали спортските субјекти имаат добиено Решение за вршење на дејност спорт од Агенцијата за млади и спорт (член 11 став 2 и 3 од Законот за спорт), односно од Министерството за спорт;
- Дали постојат услови за вршење на дејност спорт согласно член 10 став 1 од Законот за спорт (услови за тренирање и спортување, стручни лица - тренери, справи, реквизити, соодветна вентилација, греење и ладење итн.);

- Дали се извршени лекарски прегледи на спортистите од Доктор по спортска медицина, како и евентуално дали земаат допинг или други недозволиви стимулативни сретства кои се спротивни на Законот за спорт (член 55 став 1);
- Дали се обезбедени услови за одржување на турнири и систем на натпревари во дадените спортски објекти;
- Дали на спортските натпревари има обезбедено итна медицинска помош (согласно член 58 од Законот за спорт);
- Дали има насилство на теренот и трибините;
- Дали е надминат капацитетот на гледалиштето (согласно член 59 став 3 од Законот за спорт);
- Дали се забележани расистички, верски и политички скандирања од присутната публика;
- Како подготовка и поддршка на инспекцискиот надзор се изготвуваат соодветни анализи, стручно-аналитички и други материјали за потребите на Град Скопје од дејноста спорт;

Редовниот инспекциски надзор ќе се одвива интегрално по области од различни спортови, со тоа што тежиштето ќе биде ставено на сите клубови од дадениот спорт, неселективно и сеопфатно на целокупното подрачје на Град Скопје од секој поединечен спорт односно спортска федерација.

**3.Обуки:**

Во текот на 2025 година се планира учество на следниве генерички и специјализирани обуки (доколку истите бидат организирани):

Генерички обуки:

Инспекторите за спорт ќеземат учество на следниве генерички обуки:

1. Законодавство- Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор)
2. Изработување на управни акти
3. Зајакнување на личните капацитети- Систем на интегритет во инспекциските служби

Специјализирани обуки:

1.Обуки од материјалното законодавство, особено Законот за спорт;

**4. Проектни активности:**

Инспекцијата за спорт во 2025 година ќе учествува во реализација на разни активности чија цел ќе биде унапредување на спортот во Град Скопје.

**5.Аналитичко - информативна дејност:**

Месечни оперативни планови за работа;
**Рок: Континуирано, 2025 година**;

- Месечни извештаи за работата;
  **Рок: Континуирано, 2025 година;**
- Шестмесечен извештај за работата за периодот јули-декември 2024 година;
  **Рок: јануари, 2025 година;**
- Шестмесечен извештај за работата за периодот јануари-јуни 2025 година;
  **Рок: јули, 2025 година;**
- Годишен план за работа за 2026 година;
  **Рок: Декември, 2025 година**.

**6. Соработка на инспекторите за спорт:**

Инспекторите за спорт во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите одделенија во секторот и другите сектори во Градот Скопје, а особено со Одделението за спорт во Секторот за јавни дејности, потоа и со органите на државно и локално ниво (особено со инспекциската служба на Министерството за спорт), јавните препријатија и невладините организации (особено МОК, Сојузот на спортски федерации на Скопје и на Македонија, како и на поодделните национални спортските федерациии а се разбира и со граѓаните на градот Скопје.

**Рок: по потреба во текот на годината.**

**7.Нормативна дејност:**

Овластените инспектори за спорт ќе превземат активности за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со Министерството за спорт и другите надлежни институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на спортскиот аспект на животот на граѓаните на градот Скопје.

Сметаме дека на тој начин ќе се дојде до поефикасни законски но и подзаконски решенија, на начин што би се зголемиле надлежностите на овластените инспектори за спорт, односно би се надминале недореченоста, контрадикторноста и неефикасноста на сегашните законски и подзаконски акти. Ова особено се однесува на потребата од зголемување на надлежностите на инспекторот за спорт на локалната самоуправа, особено во делот на донесувањето на Решение од страна на инспекторите, што како надлежност е дадена во Законот за инспекциски надзор, но истата е во колизија со Законот за спорт.

Исто така овластените инспектори за спорт ќе иницираат активности за дефинирање на надлежноста на оние спортски објекти на подрачјето на Град Скопје кои се со недефинирана надлежност или сопственост. За таа цел веќе се спроведува сондажа на објектите за спорт на подрачјето на Град Скопје во соработка со државната инспекција за спорт од Министерството спорт, како и Јавното претпријатие за управување со спортски објекти.

**8.Реонски целини за инспекциски надзор за спорт се следните:**

Инспекцискиот надзор ќе се врши во правните субјекти распространети на целата територија на Град Скопје.

**9. Услови потребни за извршување на инспекциските контроли:**

Инспекцијата за спорт ќе го спроведе овој план на територијата на Град Скопје со двајца овластени инспектори за спорт, кои ќе функционираат со полн капацитет доколку имаат на располагање соодветни технички сретства (возило, мобилни телефони и друга соодветна опрема).

## 10.Образложение:

Со изготвување на Годишниот план за работа на инспекцијата за спорт за 2025 година се предвидува превземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на спортот и подобрување на условите за спортскиот живот, постигнување на врвни спортски резултати на државно и меѓународно ниво, како и развивање на масовниот спорт, т.е. спортување и рекреација на граѓаните во градот Скопје, со цел унапредување на нивното здравје и култура на живеење.

За таа цел потребно е заедно со останатите служби и Јавни претпријатија на Град Скопје да се придонесе за развојот и унапредувањето на спортската инфраструктура (велосипедските патеки во градот, Парк шумата Водно, парк шумата Гази Баба, кејот на Вардар, СРЦ Сарај, Матка, Градскиот парк итн.).

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори споредвидот во 2025 година, по регион и општина, за инспекција за спорт:**

| | | Вид на надзорот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Регион/ Општина** | **Редовен надзор** | **Вонреден надзор** | **Контролен надзор** | **Вкупно надзори** | **Вкупно неправилности** |
| 1. | Град Скопје | 54 | 14 | 7 | 75 | 7 |

**ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3Х3**



При вршењето на инспекцискиот надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на спортот на територијата на Град Скопје, се очекуваат ниски до средни штетни последици со ниска до средна зачестеност на повторување, односно низок до умерен ризик, пред се при контрола на спортските натпревари.

## 5.3 ТУРИСТИЧКО- УГОСТИТЕЛСКА ИНСПЕКЦИЈА

Програмата за работа на овластените инспектори за туристичко- угостителска дејност за 2025 година се заснова на надлежностите утврдени со законските и подзаконските акти и тоа:

- Закон за инспекциски надзор
- Закон за општа управна постапка
- Закон за Град Скопје
- Закон за туристичка дејност
- Закон за угостителска дејност
- Закон за прекршоци
- Останати подзаконски акти, Одлуки, Уредби и Правилници кои се донесени од страна на надлежните државни органи и локалната самоуправа, како и на законите и правните прописи кои ќе се донесат во тековната година, а ќе дадат надлежност на туристичката и угостителската инспекција.

При утврдување на содржината на Годишниот план, задачите и активностите што ќе ги извршува овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност во текот на 2025 година, се систематизираат по области и тоа: инспекциски надзор, обуки и работни состаноци, аналитичко- информативна дејност, соработка со другите сектори од градот и другите органи на државно и локално ниво, нормативна дејност за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка, како и Законот за инспекциски надзор.

### 1.Човечки ресурси и надлежности

Инспекцијата за туристичко-угостителска дејност е екипирана со еден инспектор. Сметаме дека согласно надлежностите, големината на подрачјето, како и бројот на субјекти на надзор, одделението во иднина ќе треба да се доекипира со уште двајца инспектори за туристичко-угостителска дејност. Со тоа сметаме дека оваа инспекција целосно кадровски ќе биде екипирана за извршување на реализација на годишните плански активности.

### 2.Инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор се врши редовно или по добиена пријава или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и средства за јавно информирање. Инспекцискиот надзор од оваа област ќе го спроведува еден овластен инспектор за туристичко-угостителска дејност.

Овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност на Градот Скопје е овластен да врши инспекциски надзор над физички лица, во секое време и на лице место, без претходна најава.

Инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:

- редовен инспекциски надзор
- вонреден инспекциски надзор
- контролен инспекциски надзор

Во 2025 година овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност на Град Скопје ќе врши надзор над примената на законите од областа на туризмот и угостителството над физичките лица вршители на туристичка и угостителска дејност во Град Скопје, на начин и постапка утврдени со закон. Согласно законската регулатива овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност врши надзор над:

- начинот на вршењето на туристичката дејност на туристичкиот водич;
- начинот на вршењето на туристичката дејност на туристичкиот придружник;
- начинот на вршењето на угостителските услуги за сместување и исхрана во куќи, како и
- начинот на вршењето на угостителските услуги во апартмани и соби за одмор.

Овластениот туристичко-угостителски инспектор во доменот на своите работни задачи и активности извршува:

- најсложени работи и задачи што се вршат во одделението, со повремени упатства и надзор од раководителот на одделението или Секторот;
- инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на Град Скопје согласно со Законот за туристичка и Законот за угостителска дејност;
- увид на терен и изготвување записници за констатираните состојби и наоди и изрекување со закон пропишани мерки;
- контролни надзори за отстранување на утврдените неправилности;
- изрекување со Закон пропишани мерки и активности;
- водење на управна постапка и донесување на решенија;
- води постапки во прв и втор степен пред надлежен орган;
- изготвување на анализи, стручно-аналитички и други материјали за потребите на Град Скопје а во врска со угостителската и туристичката дејност;
- консултации и работни средби со Одделението за туризам и угостителство од Секторот за ЛЕР на Град Скопје, со Правниот сектор на Град Скопје, со Здружение на туристички водичи и придружници, како и со надлежното министерство во врска со разрешување на проблеми кои произлегуваат од промени во законската регулатива, како и
- изготвување на месечни извештаи, како и месечни оперативни планови и изготвување на дневни и неделни извештаи и планови и др.

**3.Обуки**

Овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност на Град Скопје активно ќе се вклучи и ќе учествува на обуки, семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони како и Законот за управна постапка, Законот за прекршоци и Законот за инспекциски надзор и тоа преку следниве генерички и специјализирани обуки (доколку истите бидат организирани):

**Генерички обуки:**

Инспекторот за туристичко-угостителска дејност ќе земе учество на следниве генерички обуки:

1. Законодавство- Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор)
2. Изработување на управни акти
3. Зајакнување на личните капацитети- Систем на интегритет во инспекциските служби

**Специлајизирани обуки:**

1.Обуки од материјалното законодавство

**4. Проектни активности:**

Инспекцијата за туристичко-угостителска дејност во 2025 година ќе учествува во реализација на разни активности чија цел ќе биде унапредување на туризмот и угостителската дејност во Град Скопје.

**5. Аналитичко- информативна дејност:**

Месечни оперативни планови за работа;
**Рок: Континуирано, 2025 година**;

- Месечни извештаи за работата;
**Рок: Континуирано, 2025 година;**
- Шестмесечен извештај за работата за периодот јули-декември 2024 година;
**Рок: јануари, 2025 година;**
- Шестмесечен извештај за работата за периодот јануари-јуни 2025 година;
**Рок: јули, 2025 година;**
- Годишен план за работа за 2026 година;
**Рок: Декември, 2025 година**.

**6. Соработка на овластените инспектори за туристичко-угостителска дејност:**

Инспекторот во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработува со сите одделенија во секторот и другите сектори во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните препријатија и пред се граѓаните на Градот Скопје.

## 7. Нормативна дејност:

Овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност ќе продолжи со активностите за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на туристичко- угостителските услуги во градот Скопје.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле надлежностите на овластените инспектори за туристичко- угостителска дејност, бидејќи сегашните законски и подзаконски акти цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни.

Основното подрачје на вршење на инспекциски надзор на овластениот инспектор за туристичко- угостителска дејност на Град Скопје е целокупната територија на Град Скопје утврдена согласно Генералниот урбанистички план.

## 8. Оперативна реонизација на територијата на Град Скопје:

Инспекцискиот надзор ќе се врши на целата територија на Град Скопје.

## 9. Услови потребни за извршување на инспекциските контроли:

Инспекцијата за туристичко-угостителска дејност ќе го спроведе овој план на територијата на Град Скопје со еден овластен инспектор, а како што е претходно наведено сметаме дека инспекцијата во иднина ќе треба да се доекипира со уште двајца инспектори за туристичко-угостителска дејност.

## 10. Образложение:

Со изготвување на оваа Програма за работа на овластениот инспектор за туристичко-угостителска дејност на Град Скопје се предвидува превземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на туристичко-угостителска дејност и подобрување на туристичко-угостителските услуги во градот Скопје.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2025 година, по регион и општина за угостителско-туристичка инспекција**

| | | Вид на надзорот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Регион/ Општина | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
| 1. | Град Скопје | 30 | 35 | 15 | 80 | 15 |

**ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3X3**




Проценката на ризици во туристичко-угостителска инспекцијата се предвидува ниски до средни штетни последици, односно низок до умерен ризик во надзор над туристички водичи, надзор над туристички придружници и во угостителски објекти кај физички лица кои издаваат соби, апартмани и куќи за ноќевање.

## 6. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Изготвување на Годишен план кој ќе го спроведе инспекцијата за животна средина на Градот Скопје како дел од Годишниот план на Секторот Инспекторат на Град Скопје е обврска согласно со Законот за инспекциски надзор.

При утврдување на содржината на Планот за работа на овластените инспектори за животна средина за 2025 година се имаа во предвид надлежностите на инспекцијата за животна средина утврдени со законските и подзаконските акти и тоа:

- Законот за инспекциски надзор;
- Законот за инспекциски надзор во животната средина;
- Законот за општа и управна постапка;
- Законот за постапување по претставки и предлози;
- Законот за прекршоците;
- Законот за Град Скопје;
- Законот за животна средина;
- Законот за управување со отпад;
- Законот за управување со пакување и отпад од пакување;
- Законот за квалитет на амбиентниот воздух;
- Законот за заштита од бучавата во животната средина;
- Законот за води;

- Закон за управување со батерии, акумулатори и отпадни батерии и акумулатори;
- Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема;
- Законот за управување со дополнителни текови на отпадот;
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените, кои ќе се донесат во 2025 година, а се во надлежност на инспекцијата за животна средина на Град Скопје.

Во Планот, задачите и активностите што ќе ги извршуваат овластените инспектори за животна средина во текот на 2025 година се систематизирани по области и тоа: инспекциски надзор, аналитичко- информативна дејност, теренска работа, соработка со другите сектори од градот и другите органи на државно и локално ниво, обуки, едукации и работни состаноци, нормативна дејност и имплементација на материјалните закони, Законот за општа управна постапка, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоци.

## 1.Човечки ресурси и надлежности

Инспекцијата за животна средина е екипирана со шест инспектори, од кои еден инспектор работи со скратено работно време од 4 часа во периодот од 8.30-12.30 ч., заради здравствената состојба. Сметаме дека согласно надлежностите, големината на подрачјето и бројот на субјекти на надзор, инспекцијата би требало да се доекипира со најмалку уште двајца инспектори, како и да се постави раководител на Одделението, постапка која што е во тек. Сега со ова Одделение координира инспектор.

Со тоа сметаме дека оваа инспекција целосно кадровски ќе биде екипирана за извршување на реализацијата на годишните плански активности.

## 2. Инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор се врши редовно по план на овластените инспектори, или по добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и средства за јавно информирање.

Во случај на опасност за животната средина и животот и здравјето на луѓето,овластениот инспектор за животна средина на Градот Скопје е овластен да врши инспекциски надзор, над правни и физички лица, во секое време и на лице место, без претходна најава во деловните простории, инсталациите, објектите, како и на средства и опрема за вршење на дејноста и активноста на правните субјекти.

Инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:

- редовен инспекциски надзор
- вонреден инспекциски надзор
- контролен инспекциски надзор

При тоа посебно внимание се дава на следните аспекти:

- утврдување на просториите и приватниот имот околу објектот кој е предмет на контрола;
- утврдување на капацитетот на правниот субјект и производството по просечна вредност на квартална основа;

- утврдување дали правниот субјект согласно дејноста која ја врши подлежи на изработување на елаборат за заштита на животната средина согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Град Скопје или Градоначалникот на општините во Градот Скопје.
- утврдување дали правниот субјект според капацитетот утврден со Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошката дозвола, подлежи на А или на Б интегрирана еколошка дозвола;
- утврдување на податоци и опис на операторот и инсталацијата, како и податоци за суровините, материјалите и енергијата, произведени или употребени во инсталацијата;
- утврдување на податоци за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава и вибрации како и податоци за цврст и течен отпад во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;
- утврдување на податоци за точки на мониторинг и земање на примероци во координација со акредитирана лабораторија за животна средина.

Врз основа на иницијатива, или барање–пријава, поднесена од државни органи, физички или правни лица, каде што се наведува дека има индиции за зголемено ниво на бучава или загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата итн. овластениот инспектор за животна средина повикува акредитирана лабораторија (избрана по пат на јавна набавка), за вршење на испитување на нивото на бучава како и нивото на загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата итн., за инсталациите од надлежност на овластените инспектори за животна средина на Градот Скопје, да изврши мерење и во најкраток рок да достави технички извештај за извршеното мерење до овластенитот инспектор за животна средина, заради преземање на понатамошни, предвидени мерки со Закон.

Во рамките на овластувањата и надлежностите дадени со Закон, овластените инспектори за животна средина:
- вршат увид над спроведувањето на законите и другите прописи, општи акти и посебни акти;
- вршат контролен надзор по истекот на определен рок за отстранување на утврдени недостатоци;
- изрекуваат пропишани со Закон мерки и активности;
- водат постапки во прв и втор степен пред надлежен орган;
- вршат стручна обработка на прашања што се од значење за примена на законските одредби;
- изготвуваат анализи и информации од доменот на своето работење;
- спроведуваат теренски обиколки за надзор над локации и објекти во однос на појави на загадување на почвата, воздухот, или водата, појави на незаконски депониран отпад, сметишта и појава на палење на оган на отворено.
- учествуваат во координирани надзори и други активности во соработка со државните инспектори за животна средина и општинските инспектори за животна средина од општините на градот Скопје.

**3.Обуки**

Овластените инспектори за животна средина на Град Скопје активно ќе се вклучат и ќе учествуваат на обуки, семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони како и Законот за управна постапка, Законот за прекршоци и Законот за инспекциски надзор.

Во текот на 2025 година се планира учество на следниве генерички и специјализирани обуки (доколку истите бидат организирани):

**Генерички обуки:**

1. Законодавство- Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор)
2. Изработување на управни акти
3. Зајакнување на личните капацитети- Систем на интегритет во инспекциските служби

**Специјализирани обуки:**

1. Имлементација на одредбите од материјалното законодавство;
2. Закон за прекршоците;
3. Закон за инспекциски надзор во животната средина.

**4. Проектни активности:**

Инспекцијата за животна средина во 2025 година ќе учествува во реализација на разни активности чија цел ќе биде унапредување на животната средина во Град Скопје. **Рок: контуинирано, 2025 година**

**5. Аналитичко- информативна дејност:**

- Месечни оперативни планови за работа;
  **Рок: Континуирано, 2025 година**;
- Месечни извештаи за работата;
  **Рок: Континуирано, 2025 година;**
- Шестмесечен извештај за работата за периодот јули-декември 2024 година;
  **Рок: јануари, 2025 година;**
- Шестмесечен извештај за работата за периодот јануари-јуни 2025 година;
  **Рок: јули, 2025 година;**
  Годишен план за работа за 2026 година;
  **Рок: Декември, 2025 година**;

**6. Соработка на инспекторите за животна средина**

Инспекторите во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите Одделенија во Секторот и другите сектори во Градот Скопје, органите на државно и локално ниво, јавните препријатија и пред сé со граѓаните на Градот Скопје. **Рок: по потреба во текот на годината.**

**7. Нормативна дејност**

Овластените инспектори за животна средина ќе учествуваат во можни активности за измена и дополнување на постојната законска регулатива во

соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на градот Скопје.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле надлежностите на овластените инспектори за животна средина, бидејќи сегашните законски и подзаконски акти цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни.

Основното подрачје на вршење на инспекциски надзор на овластениот инспектор за животна средина на Град Скопје е целокупната територија на Град Скопје утврдена согласно Генералниот урбанистички план.

## 8. Оперативна реонизација на територијата на Град Скопје:

Инспекцискиот надзор ќе се врши во правните субјекти во градот Скопје распространети на целата територија на Град Скопје.

## 9. Образложение:

Со изготвување на овој План за работа на инспекцијата за животна средина на Градот Скопје се предвидува преземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на животната средина и подобрување на условите за живот на граѓаните во градот.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2025 година, по регион и општина за инспекција за животна средина**

| | | Вид на надзорот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Регион/ Општина | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
| 1. | Град Скопје | 120 | 250 | 90 | **460** | 200 |

**ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3X3**

| Веројатност за случување на штетни последици | | | |
|---|---|---|---|
| 3-ВИСОКА | | | Висок ризик (6) |
| 2-СРЕДНА | | Умерен ризик (4) | Значителен ризик (6) |
| 1-НИСКА | | | |
| | 1-НИСКА | 2-СРЕДНА | 3-ВИСОКА |

При вршењето на инспекциски надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на заштитата на животната средина на територијата на Град Скопје, се очекуваат средни до високи штетни последици со средна до висока зачестеност за повторување, односно умерен до значителен ризик, особено при вонредните инспекциски надзори на терен при контрола на фрлен отпад на недозволени локации и при запален оган од отпад на отворено, како и при надзор во инсталациите кои подлежат на Б интегрирани еколошки дозволи и инсталациите кои подлежат на Елаборати за заштита на животната средина кај кои согласно дејноста која ја обавуваат се очекуваат емисии на штетни материи во воздух, вода и почва.

**Буџет и финансирање**

Финансиските средства за спроведување на надлежностите на Секторот Инспекторат на Град Скопје се планираат во Буџетот на Град Скопје за 2025 година.

Буџетот со кој ќе располага Секторот Инспекторат на Град Скопје треба да изнесува 1.350.000 денари и тоа како што е прикажано во следната табела:

| Програма | Ставка | Конто | Р.бр | ИНСПЕКЦИЈА | 1.350.000 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Тековно оперативни расходи | 1.350.000 |
| R1 | 425 | 425630 | 1 | Ангажирање на правни субјекти за испитување на квалитетот на водите, воздухот, почвата и бучавата | 1.200.000 |
| J8 | 426 | 426990 | 2 | Асистенција на МВР | 150.000 |

Освен овие средства, заради начинот на функционирање на ЕЛС- Град Скопје, како една целина која е составена од повеќе Сектори со заеднички буџет, средствата за обуки е побарано да се предвидат во буџетот на Секторот за управување со човечки ресурси, во чија надлежност е организирањето на обуки.

Исто така и средствата за осигурување на инспекторите од несреќи при работа, што е обврска согласно со Законот за инспекциски надзор, е побарано да се планираат во буџетот на Секторот за општи работи.

Средствата за евентуална набавка на ХТЗ опрема за инспекторите, како и униформи за комуналните редари, се исто така во надлежност на делот на буџетот на Секторот за општи работи.

## Меѓународна соработка

Секторот Инспекторат на Град Скопје е дел од локалната самоуправа (локална инспекција), но во наредната година ќе се обиде преку Секторот за меѓународна соработка на Град Скопје да се вклучи во меѓународни проекти со кои би се зајакнала и опремила градската инспекција за да може соодветно да одговори на модерните предизвици.

## Други активности на инспекциската служба:

Заради поефикасна комуникација со граѓаните, во Град Скопје имплементирана е електронската алатка 24@skopje.gov.mk, преку која граѓаните покрај можностите кои ги имаат да пријавуваат проблеми и да поставуваат прашања преку архивата на Град Скопје, како и преку телефон, можат да поставуваат прашања, да пријавуваа проблеми или барања за спроведување на инспекциски надзор и на кои треба да им се одговори во рок од 72 часа.

Освен редовните и секојдневни активности, по потреба Секторот Инспекторат организира и сменско работење во три смени, како и дежурства за време на викенди и празници, особено во текот на зимските месеци кога има поголема можност за загадување на воздухот и животната средина и за време на летните месеци кога има поинтензивни градежни активности и напуштање на градежен шут на недозволени места. При тоа, инспекторите за животна средина дежураат во тимови со комуналните инспектори и комуналните редари.

Дежурства се организираат и во текот на другите месеци по потреба, од страна на и другите инспекции како: инспекцијата за патишта и инспекцијата за патен сообраќај, туристичко-угостителската инспекција, инспекцијата за данок на имот, инспекцијата за наплата на комунални и други такси и инспекцијата за спорт.